**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр. 02-665/2**
**17.09.2019 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 114 став 1 и став 4 алинеја 3, а во врска со член 37 од Законот за високо образование („Службен весник" бр. 82/18), член 42 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, член 21, член 22 и член 23 од Статутот на Факултет за безбедност – Скопје и Одлука бр.02-665/1 од 16.09.2019 година за распишување избори за членови и претседател на студентско собрание на Факултет за безбедност – Скопје, Деканот на Факултетот за безбедност-Скопје, на ден 17.09.2019 година, распишува

# О Г Л А С

## За избор на членови и претседател на студентско собрание на Факултет за безбедност – Скопје

Се распишува оглас за избор на:

1) 10 (десет) членови на студентското собрание на Факултет за безбедност – Скопје и
2) 1 (еден) претседател на студентското собрание на Факултет за безбедност – Скопје.

Право да се пријават за членови на факултетското студентско собрание имаат сите редовни студенти на Факултет за безбедност – Скопје кои се запишани на студии во академската 2018/2019 година.

Право да се пријават за претседател на факултетското студентско собрание имаат сите редовни студенти на Факултет за безбедност – Скопје кои се запишани на студии во академската 2018/2019 година.

Мандатот на избраните членовите на факултетското студентско собрание и на претседателот на факултетското студентско собрание трае 1 година и започнува од денот на изборот.

Гласањето за избор на членови и претседател на факултетското студентско собрание ќе се одржи на ден 16.10.2019 година, од 08,00 до 14,00 часот во просториите на Факултет за безбедност – Скопје.

Кандидатите за членови и претседател на факултетското студентско собрание поднесуваат:

- пријава (образец кој се подига во архивата на Факултетот),
- биографија и
- потврда за редовен студент запишан во академската 2018/2019 година.

Огласот трае 7 (седум) дена од денот на објавувањето на огласната табла и на веб страната на Факултетот за безбедност – Скопје, почнувајќи од 17.09.2019 година.

Пријавите со потребните документи по огласот се поднесуваат најкасно до 24.09.2019 година, до Изборната комисија, преку архивата на Факултет за безбедност – Скопје.

УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ Република Северна Македонија СКОПЈЕ БИТОЛА

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**